РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Бр. 03-2740/1

Скопје 01.07.2020г.

Предмет: Дневен извештај на Агенцијата

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај **за 30-ти јуни 2020** година.

Во него известуваме дека преку соопштение, повторно реагиравме за емитувањето платено политичко рекламирање во кое учествуваат малолетници. Радиодифузерите беа предупредени дека ќе се соочат со прекршочни постапки ако продолжи оваа пракса и по 1 јули 2020 година. Додека пак, од учесниците во изборниот процес беше побарано да го усогласат своето платено политичко рекламирање со законите. Соопштението е објавено на нашиот веб сајт и беше испратено по електронска пошта до сите радиодифузери.

Исто така, Агенцијата одговори и на барањето за стручно мислење од АД МЕПСО во врска со емитување на видео спот со *апел и предупредување до земјоделците за совесно ракување со системите за наводнување и распрскување во близина на далекуводи од преносната мрежа*. Имајќи предвид дека во спотот се упатуваат препораки чие непочитување би довело до повреди, па дури и смрт, Агенцијата сметаше дека во овој случај, јавниот интерес има примат, односно дека телевизиите може да го емитуваат означен како „бесплатно емитување“ и покрај забраната од Изборниот законик.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

.......................................................

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Agjencia për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele
СКОПЈЕ / SHKUP